РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА „СВЕТИ НИКОЛЕ“
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 1204-433
15.11.2017 год.
СВЕТИ НИКОЛЕ

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11,123/12, 93/13, 183/13 и 42/14), Градоначалникот на општина Свети Николе, на ден 15.11.2017 година, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички План Вон Населено Место Сопот за викенд населба на м.в. „Трн Дол“ КП 870,871/1, 878 и 879 , КО Сопот , Општина Свети Николе за плански период (2017-2027) год. - Предлог план , Општина Свети Николе кој го донесува Градоначалникот на општина Свети Николе потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 став (2) од Законот за животна средина.
2. Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ Урбанистички План Вон Населено Место Сопот за викенд населба на м.в. „Трн Дол“ КП 870,871/1, 878 и 879 , КО Сопот , Општина Свети Николе за плански период (2017-2027) год. се определуваат следните: правни и физички лица од Св. Николе, ЕВН Македонија КЕЦ Штип, Еколошки друштва од Св. Николе, Министерство за земјоделство – Подрачно одделение Св. Николе, Агенција за катастар на недвижности - Подрачно одделение Св. Николе, Невладини организации и др.

3. За планскиот документ Урбанистички План Вон Населено Место Сопот за викенд населба на м.в. „Трн Дол“ КП 870, 871/1, 878 и 879 , КО Сопот , Општина Свети Николе за плански период (2017-2027) год. за чија изработка е одговорно Друштво за градежништво, промет и услуги ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др. ДОО Скопје, а го донесува Советот на општина Св. Николе, донесувањето на планскиот документ Урбанистички План Вон Населено Место Сопот за викенд населба на м.в. „Трн Дол“ КП 870,871/1, 878 и 879 , КО Сопот , Општина Свети Николе за плански период (2017-2027) год. , Општина Свети Николе ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: Влијание врз населението и човековото здравје, влијанија врз квалитетот на амбиенталниот воздух, влијание врз квалитетот на површинските и подземни води, влијание врз почвата, влијание врз флора и фауна, влијание врз предел, влијание врз материјални добра .

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Свети Николе на следната веб адреса/и: www.svetinikole.gov.mk.

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.1204 - 433

15.11.2017 год.

Место Свети Николе

**Градоначалник,**

**М-р Сашо Велковски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ